ЗАПИСНИК

од 57-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 26.11.2024 г.
со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од вкупно 9 (девет) советници, беа присутни сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни: Градоначалникот Стевановски, Анета Киселоска-раководител, Николина Лозановска-советник.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записник од 55-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и усвојување на Записник од 56-та седница на Совет на Општина Новаци;
3. Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за одбележување на Нова Година, Божиќните празници и празникот Богојавление;
4. Разгледување и усвојување на Извештај за манифестацијата „Фестивал на жетвата“ Новаци 2024 год.;
5. Разгедување и донесување на Одлука за трајно отстапување на патничко возило Volksfagen Golf во сопственост на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци на Општина Новаци;
6. Разгледување и усвојување на Измена на годишен план за вработување за 2024 год. на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци;
7. Разгледување на Барање од жители на с. Паралово за набавка на градежен материјал, (водоводни елементи);
8. Советнички прашања.

Дополнување: Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

1. Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Мише Ѓорѓиевски од с. Добромири, лице со здравствени проблеми.

Пред да се разгледа Дневниот ред на 57-та седница на Советот на Општина Новаци, Градоначалникот Стевановски зеде збор и на Советот на Општина Новаци му предложи Дневниот ред да се измени и дополни со 3 (три) дополнителни точки, кои има потреба да се разгледуваат на оваа седница:

1. Разгледување и донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во Општина Новаци за 2024 год.
2. Разгледување и донесување на Одлука за утврдување на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод.
3. Разгледување и донесување на Предлог-Одлука за именување на лице кое ќе ги води работите до конституирање на заедничкото јавно претпријатие за управување со отпад.

При тоа Градоначалникот Стевановски, пред советниците им ја образложи неопходноста за отпочнување на постапка за меѓуопштинска соработка со 18 општини од Западна Македонија, кои заеднички треба да го формираат Заедничкото јавно претпријатие за управување со отпад во Пелагонискиот и Југозападен регион. Истовремено Градоначалникот информираше дека е потребно да се назначи лице кое ќе ги води работите до конституирање на заедничкото јавно претпријатие за упрвување со отпад и кое ќе контактира со останатите општини со цел полесна и поефикасна комуникација.

Советниците го разгледаа Дневниот ред, така што со **9 гласа за** го прифатија Дневниот ред на 57-та седница на Советот на Општина Новаци, кој со измената и дополнувањето е составен од 12 (дванаесет) точки, со тоа што точката бр. 8 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 12.

1 точка Разгледување и усвојување на Записник од 55-та седница на Совет на Општина Новаци

Советот на Општина Новаци го разгледа Записник од 55-та седница, така што по кратката дискусија со **9 гласа за**, истиот беше усвоен.

2 точка Разгледување и усвојување на Записник од 56-та седница на Совет на Општина Новаци

Советниците го разгледаа, Записникот од 56-та Седница, при тоа немаа никакви забелешки. Записникот од 56-та седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за.**

3 точка Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за одбележување на Нова Година, Божиќните празници и празникот Богојавление

Советот на Општина Новаци ја разгледа Одлука со која се издвојуваат финансиски средства од буџетот, за одбележување на престојните Новогодишни и Божиќни празници како и празникот Богојавление. Со оваа Одлука ќе се набават новогодишни украси, новогодишни детски пакетчиња, и соодветни поклони за лицата кои ќе го фатат крстот за христијанскиот празник Богојавление (Водици) како и за изработка на рекламен и др. вид на матерјал.

По кратката дискусија, Советот со **9 гласа за** донесе Одлука за одобрување на финансиски средства за одбележување на Нова Година, Божиќните празници и празникот Богојавление.

4 точка Разгледување и усвојување на Извештај за манифестацијата „Фестивал на жетвата“ Новаци 2024 год.

Градоначалникот Стевановски зеде збор по однос на оваа точка и пред советниците го презентираше Извештајот за чие реализирање Советот на Општина Новаци издвои 700 000,00 од сопствениот буџет. Исто така за реализирање на фестивалот од страна на Министерството за земјоделие , шумарство и водостопанство се доделени средства-гранд од 120.000,00 ден. Приватните фирми кои зедоа учество во манифестацијата, донираа средства во вкупен износ од 287.125,00 ден. На крајот од финансискиот дел од Извештајот, советниците констатираа дека од вкупно расположливите средства, оставуваат неискористени средства, во износ од 246.192,00 ден.

По кратката дискусија, советниците гласаа така што со **6 гласа за и 3 гласа воздржан** донесоа Одлука за усвојување на Извештај за манифестацијата „Фестивал на жетвата“ Новаци 2024;

5 точка Разгедување и донесување на Одлука за трајно отстапување на патничко возило Volksfagen Golf во сопственост на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци на Општина Новаци

Советниците беа информирани за патничкото возило Volkswagen Golf 1.9 TDI со кое стопанисуваше ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци, за кое Општина Новаци има потреба да го пренамени за превоз на ученици од основно образовение кои живеат во населените места Бач, Живојно и Гермијан. Истото возило со посебна Одлука ќе биде предадено на користење на МЈП „Пелалинк“ како лиценцирано претпријатие за превоз на ученици кои живееат во пограничниот дел на нашата општина.

По дискусијата, Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за трајно отстапување на патничко возило во сопственост на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци на Општина Новаци.

6 точка Разгледување и усвојување на Измена на годишен план за вработување за 2024 год. на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци;

Советниците го разгледаа Годишниот план на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци за 2024 г., со соодветните измени и по кратката дискусија гласаа така што со **7 гласа за и 1 глас воздржан** донесоа Одлука за давање на Согласност за Измена на Годишниот план за вработување на ЈПКД „Комунална хигиена“с. Новаци за 2024 год.

(*Советникот Иванчо Котевски како вработен во ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци, поради судир на интереси беше иземен од гласањето)

7 точка Разгледување на Барање од жители на с.Паралово за набавка на градежен материјал, (водоводни елементи)

Советниците го разгледаа Барањето со кое МЗ Паралово, бара решавање на проблемот за оштетениот селски водовод, кој бил оштетен за време на пожарите кои го зафатија тој дел од Општина Новаци во август оваа година.

Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за одобрување набавка на градежен материјал на жителите на с. Паралово.

Дополнувања:

8 точка Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Мише Ѓорѓиевски од с. Добромири, лице со здравствени проблеми.

По предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, советниците го разгледаа Барањето од Мише Ѓорѓиевски од с. Добромири, како лице со здравствени проблеми, така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Мише Ѓорѓиевски од с. Добромири, во висина од 20.000 ден.

9 точка Разгледување и донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во Општина Новаци за 2024 год.

Градоначалникот зеде збор по однос на деветтата точка и пред Советот на Општина Новаци ја образложи потребата за Измена и дополнување на Програмата, која се состои во зголемување на финансиските средства во делот на трансфер на спортски клубови во висина од 200 000,00 ден.

Советниците по дискусијата гласаа така што со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесоа Програма за измена и дополнување за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во Општина Новаци за 2024г.;

10 точка Разгледување и донесување на Одлука за утврдување на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод.

По однос на оваа точка, Градоначалникот Стевановски пред Советот на Општина Новаци им ја презентирање Проценката како и Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка за формирање на заедничко јавно претпријатие за управување со отпад, а за чие основање е потребна одлука од 18 општини од Пелагонискиот и Југозападниот регион. Седиштето на Заедничкото претпријатие ќе биде сместено во Општина Новаци.

По неговото излагање се разви дискусијата меѓу советниците во кое некои од советниците јасно ставија до знаење дека не се согласуваат и го сметаат за штетно регионалното претпријатие да е со седиште во с. Новаци, по што се премина на гласање.

Советниците со **6 гласа за и 3 гласа против** донесоа Одлука за утврдување на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод.

11 точка Разгледување и донесување на Предлог-Одлука за именување на лице кое ќе ги води работите до конституирање на заедничкото јавно претпријатие за управување со отпад.

Градоначалникот Стевановски ја предложи Анета Киселоска, раководител во Општина Новаци како лице кое ќе ги води работите до конституирање на заедничкото јавно претпријатие за упрвување со отпад и ќе соработува со останатите општини од Пелагонискиот и Југозападниот регион кои ќе го формираат заедничкото јавно претпријатие за управување со одпад.

Советот на Општина Новаци со **6 гласа за и 3 гласа против** го прифатија предлогот на Градоначалникот Стевановски и донесоа Одлука за именување на лице кое ќе ги води работите до конституирање на заедничкото јавно претпријатие за управување со отпад

12 точка Советнички прашања

Советот на Општина Новаци, немаше дополнителни советнички прашања со што 57-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска